Macedonian

**ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА НОВИ СТОПАНСКИ ГРАНКИ – ДОТАЦИИ И СТИПЕНДИИ ЗА АГРОИНДУСТРИЈАТА**

**Дали работите во нова агроиндустрија која се наоѓа во Австралија? Дали имате нов агроиндустриски производ, услуга или технологија која сакате да ја комерцијализирате? Програмата за развој на нови стопански гранки (New Industries Development Program - NIDP) може да ви помогне да го остварите тоа!**

Програмата NIDP помага да се развива агроиндустријата со тоа што нуди дотации и стипендии за изнесување на нови* производи, услуги и технологија на пазарот.

На располагање исто така ви стојат и методи на учење за да ви помогнат да создадете синџир на снабдување, да разработите план за маркетинг или да научите како другите воведуваат промени во нивните стопански гранки.

За повеќе информации или доверлив разговор за вашиот производ, услуга или технологија и за нивната прикладност за добивање дотација или стипендија преку програмата NIDP, ве молиме
Посетете ги Интернет страните: www.daff.gov.au/agribiz

Или телефонирајте на: 1300 884 588 (Информативна линија за програмата NIDP – само на англиски јазик)
131 450 (Служба за писмено и усмено преведување)

*нови значи дека вкупната продажба од сите извори во Австралија изнесува помалку од 1 милион долари годишно.